View in browser

# Инфо билтен - јуни 2026 година




## Повик за доставување концепти

Еко-свест ја започнува Програмата за грантови за 2026 година, со цел да ги поддржи граѓанските организации и нивните партнери во предводењето на промените кон праведно и отпорно општество. Програмата се реализира со поддршка на Кралството на Шведска и се заснова на моделот на „Обновлива правда“ (Restorative Justice), кој ја нагласува важноста на демократизацијата на експертизата и активното вклучување на граѓаните во креирањето на еколошката иднина.

Прочитај повеќе






# Млади од регионот се обединија во Штрпце за заштита на реките

Млади активисти од Македонија, Црна Гора и Косово се собраа на Шар Планина за да развијат еколошки иницијативи и практични вештини за борба против загадувањето на реките. Работилницата, која понуди теренска акција и незаборавно дружење, е дел од проектот „We Grow With The Flow – Youth For Rivers" поддржан од повеќе меѓународни партнери.

Прочитај повеќе



# Младите доставија барање за итна заштита на изворите во Шум до градоначалникот на Струга

Во рамки на проектот „We Grow With The Flow", младите еко-активисти од Еко-свест Вевчани ги лоцираа изворите во Шум како најкритична точка изложена на загадување и доставија барање со четири клучни мерки до Општина Струга. За време на средбата беше потврдено дека Општината веќе работи на реализација на голем дел од овие мерки, што претставува голем успех и доказ за влијанието на младинскиот активизам.

Прочитај повеќе



„Еко-свест“ Вевчани го поддржа традиционалниот планинарски марш до Црн

# Камен

Успешно се одржа планинарскиот марш до врвот Црн Камен, настан посветен на промоцијата на активниот живот, здравите навики и заштитата на природната средина. Еко-свест Вевчани ја поддржа оваа иницијатива во рамки на проектот за одржливо управување со Споменикот на природата „Вевчански Извори“, финансиран од ПОНТ.

Прочитај повеќе

---






# „Водата зборува гласно“ – креативен активизам за едукација на младите

Ученици од ОУ „Симче Настовски“ во Вратница, учествуваа на работилница за креативен активизам водена од театарот „Сенки и облаци“. Преку стекнатите вештини, тие самите ја создадоа и изведоа театарската претстава со сенки „Водата зборува гласно“, со цел да ја подигнат свеста кај заедницата за одговорно користење и зачувување на водата.

Погледни го видеото




# Учество на DRE Работилница на река Тара (Босна/Црна Гора)

Како учесници на четиридневната практична работилница покрај реката Тара, се стекнавме со дополнителни знаења за отстранување на речни бариери, обнова на речните корита и интеграција на еколошки стратегии.
Ги презентиравме ефектите од првите отстранети речни препреки каде ослободивме 72 километри речен тек и живеалишта.
Истакнуваме дека во претстојниот период продолжуваме со активности кои водат кон обнова на реките во Македонија.

Прочитај повеќе







# Учество на „Outreach and Dispute Resolution Workshop“ во Загреб

Од 7 до 10 јуни учествувавме на „Outreach and Dispute Resolution Workshop“ во Загреб, Хрватска. Работилницата беше насочена кон подетално запознавање со Independent Accountability Mechanisms – IAMs, односно запознавање со процесите за решавање спорови и посредување во случаи поврзани со развојни проекти финансирани од меѓународни финансиски институции.


ЕНЕРГИЈА




Одржан форум за праведна транзиција и локален развој во Кичево

Повторното активирање на ЛЕСС Кичево е клучна препорака за создавање платформа за дијалог преку која локалните чинители активно ќе ги застапуваат интересите на регионот во националните процеси на праведна енергетска транзиција. Со вклучување на сите засегнати страни, ова тело ќе придонесе за подобар економски развој и системско искористување на природните и културните потенцијали на кичевскиот регион.

Прочитај повеќе




# Македонските општини учат од хрватските искуства за енергетска трансформација

Претставници од 6 македонски општини преку студиска посета на Хрватска се запознаа со успешните модели за граѓански енергетски заедници, со цел нивна имплементација и во нашите локални средини. Ова искуство ќе придонесе за подобра примена на новата законска рамка за енергетика, што овозможува заедничко инвестирање во обновливи извори на енергија и поздрава животна средина.

Прочитај повеќе




# Претставата „Бардо Тодор" одиграна на 9ти јуни во Дом на култура „Билјана Беличанец" во Кисела Вода - Скопје

Изведбата на претставата е реализирана со поддршка на Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест". Текстот за претставата го напиша Сашо Кокаланов, додека на режијата се потпишува Сашо Миленковски, кој неодамна ја доби наградата за животно дело од Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински".

Прочитај повеќе



# Монодрамата „Не денес“ за прв пат одиграна во Скопје

Скопската публика за првпат имаше можност да ја погледне монодрамата „Не денес“ од актерот Марјан Георгиевски, подготвена во соработка со Еко-свест.
Бесплатната изведба на монодрамата се одржа во Паблик рум, на 8 јуни во Скопје.

Прочитај повеќе






# Одбележување на Светскиот ден на животната средина

Светскиот ден на животната средина го одбележавме заедно со нашите волонтери во Зоолошката градина на покана на зоо-негувателот Bојо Иванов.

Прочитај повеќе



ТИМ
ПРОМОЦИЈА НА СТРИП АЛБУМ
ЕКО свест
6 ЈУНИ 2026 г.
Фестивал „Стрип Трип“
Кино ФРОСИНА, МКЦ, Скопје

## Промоција на ново издание на „Тим ЕКО“

На 6 јуни, во Кино Фросина во МКЦ, се одржа промоција на новото издание на стрип авантурата „Тим ЕКО“. Присутните имаа можност да се запознаат со новите ликови и приказни во ова стрип издание.

Прочитај повеќе




## Четвртата „Еко-трампа“, од сега поддржана од Општина Центар се одржа на 13 јуни во Бистро Комедија.

Прочитај повеќе

---

# Еколошки жешки точки

Индустриските контаминирани локации (ИКЛ) или како што ние ги нарекуваме Еколошки жешки точки настанале со депонирање на руднички отпад, отпад од металуршки процеси, пепел и шљака од согорување на јаглен во термоелектраните, како и талози и тиња од петрохемиски процеси. Откако индустриските процеси биле прекинати во периодот на приватизација/транзиција, депониите биле напуштени, додека емисиите на тешки метали, или органски соединенија во почвата, површинските, подземните води и воздухот продолжиле, во отсуство на мониторинг и соодветни мерки за заштита.

Прочитај повеќе



# „Колку чини водата?“

На 19ти јуни излезе тизер видеото за документарниот филм „Колку чини водата?“ како најава за истиот кој излегува на 10ти јули во петок.

Прочитај повеќе

# Пријави еколошки проблем










Прочитај повеќе

# Еко-трампа




Настанот ЕКО ТРАМПА „На ти го дај ми го“ е првенствено место за размена на енергии, насмевки и создавање пријателства. Еко трампата им овозможува на граѓаните да разменат предмети кои веќе не ги користат за оние што им се потребни. Секоја ситница која повеќе не ви е потребна, сега може да добие нова намена и втор живот благодарение на ЕКО ТРАМПА „На ти го дај ми го“.

Преку „Еко трампата“, Еко-свест продолжува да ја промовира филозофијата на „повторна употреба и рециклирање“. Оваа иницијатива ја намалува потребата за ново производство, го намалува отпечатокот врз животната средина и ја поттикнува солидарноста во заедницата преку едноставниот чин на споделување.

Прочитај повеќе

---

# Еко-култура




Нашата визија се темели на воспоставување директна и долгорочна соработка со националните културни институции, независните културни центри, индивидуалните уметници, фестивалите и останатите културни и образовни организации кои ги препознаваме како клучни носители на новиот наратив за природата.

Промената се случува тогаш кога уметниците, низ сопствениот творечки процес и личен сензибилитет ќе ја раскажат приказната. На тој начин, уметноста не е алатка за огласување, туку автентичен двигател на свеста и траен носител на општествената трансформација.

Прочитај повеќе

---

# Стани наш поддржувач

## Мисија

Мисијата на Еко-свест е да истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и практики за заштита на животната средина и одржливо живеење.
Еко-свест поддржува и поттикнува граѓанска свесност и активно учество и промовира практични решенија во соработка со релевантни организации и институции.

## Визија

Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде граѓаните одржливо живеат во благосостојба и во хармонија со животната средина.




Прочитај повеќе

---

# Медиуми

- https://meta.mk/kichevo-kako-region-zavisen-od-jaglen-mora-poaktivno-da-se-vkluchi-vo-energetskata-transformacija/
- https://lokalno.mk/eko-svest-kichevo-treba-aktivno-da-se-vkluchi-vo-procesot-na-pravedna-tranzicija/
- https://republika.mk/vesti/makedonija/makedonskite-gradonachalniczi-vo-poseta-na-hrvatska-uchat-za-mozhnostite-na-graganskite-energetski-zaedniczi/
- https://www.porta3.mk/eko-svest-ja-najavuva-chetvrtata-po-red-eko-trampa/
- https://mojastrumica.com/eko-svest-monodrama-ne-denes/
- https://energija.bezgranica.hr/studijski-posjet-gradonacelnika-iz-sjeverne-makedonije-energetske-zajednice-u-praksi/
- https://news.mongabay.com/short-article/2026/06/europe-removes-record-number-of-dams-in-2025-to-restore-rivers-help-species/
- https://trn.mk/ne-denes-monodrama-na-marjan-georgievski/
- https://www.vecer.press/da-za-fotovoltaiczi-i-mini-hidroczentrali-ne-na-smetka-na-biodiverzitetot-i-prirodnite-bogatstva/
- https://makfax.com.mk/kultura/crnata-komedija-bardo-todor-na-9-juni-ke-se-odigra-vo-skopje/

---

# Публикации

- Промоција на ново издание на „**Тим ЕКО**“
- Каде оди реката? (2026)

# Еко-свест Вевчани

СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА
ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ

Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест  има своја локална канцеларија во Вевчани.

Низа успешни активности на Еко-свест,  беа реализирани во соработка со Општина Вевчани и релевантните чинители во Заштитеното подрачје „Вевчански извори".

Еко-свест во 2018 година го поддржа донесувањето на Планот за управување со заштитеното подрачје и помогна на Општината да воспостави систем за негово одржливо управување.

Прочитај повеќе

**Центар за истражување и информирање за животната средина**
**Еко-свест Скопје**
Киро Крстевски - Платник - 6 /1, 1000, Скопје

https://ekosvest.com.mk/

Претплатени сте да го добивате овој инфо билтен. Доколку не сакате повеќе да добивате информации од Еко-свест може да ја откажете вашата претплата на следниот линк:

Повеќе не сакам да добивам пораки